Согласно член 29 од Статутот на АД Фустеларко Борец Заштитно друштво Битола, Бурса 65, а врз основа на одлуката на Одборот на директори од 05.04.2023 година, се објавува следниот

**ЈАВЕН ПОВИК**

Се свикува Годишно Собрание на акционери на АД Фустеларко Борец Заштитно друштво Битола.

Собранието ќе се одржи на ден 06.05.2023 година /сабота/ со почеток во 10 часот во деловните простории на Друштвото, Бурса 65, Битола.

За Собранието се предлага следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Избор на претседавач.

2.Избор на Верификациона комисија од 3 члена, записничар, еден бројач на гласови и двајца заверувачи на записник.

3.Разгледување и усвојување на извештајот од Одборот на директори за работењето на друштвото и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори во 2022 година.

4.Разгледување и усвојување на ревидираниот финансиски извештај и годишната сметка за 2022 година.

5.Предлог-одлука за распределба на добивката за 2022 година.

6.Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за 2023 година.

7.Разгледување и усвојување на годишниот извештај за 2022 година на службата за внатрешна ревизија.

8.Разгледување и усвојување на Планот за работа за 2023 година.

9.Одлука за одобрување купување на сопствени акции.

Вкупниот број на акции со право на глас е 71.709 акции.

Право на учество во работата на Собранието и право на глас има секој акционер, лично или од него именувано лице, кое ќе го претставува во Собранието со писмено полномошно.

Образецот за полномошно може да се преземе од интернет страницата: www.fustelarko.com.mk.

Акционерите за даденото полномошно го известуваат друштвото на мејлот: finance@fustelarko.com.mk.

Акционерите можат да предлагаат точки во дневниот ред во рок од 8 дена од денот на објавата на Јавниот повик, согласно член 390 од Законот за трговски друштва (детални информации на официјалната интернет страница).

Акционерите можат да извршат увид во материјалите на друштвото за предложените точки од дневниот ред во правна служба секој работен ден од 10 до 14 часот, како и на официјалната интернет страница на Друштвото www.fustelarko.com.mk.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

**Прва точка**

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

За претседавач на Собрание на акционери со мандат до наредно Собрание се избира Иван Велјановски како акционер.

**Втора точка**

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

1. Во Верификациона Комисија се избираат:

- Владимир Христовски - претседател,
- Јулијана Белевска Петровска - член и
- Ана Богдановска - член.

За водење на записник се избира Никола Ристевски. За бројач на гласови се избира Димитар Петровски.

За заверувачи на записник се избираат Филип Петковски и Сашо Ѓоревски.

**Трета точка**

Изготвен согласно:
Законот за трговски друштва, член 477 став 14 и член 384 став 7.
Составен дел на овој извештај се Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2022 година.
Одборот на директори го сочинуваат пет члена, од кои два извршни и три неизвршни членови (од нив еден независен неизвршен член).
Ова раководството на АД Фустеларко Борец е одговорно за објективно презентирање на фактичката состојба на друштвото, чија одговорност вклучува обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола, релевантна за подготвување и презентирање на објективни финансиските извештаи.

… Во призводствениот процес на АД Фустеларко борец во 2022година, се преработиле 1.594 нето тони производ што е за 20% помалку споредбено со 2021 година, а под планираното за 2022 година за 806 нето тони производ.

Приходите од продажба се зголемени за 21.9%, а крајниот финансиски резултат е позитивен.

Покрај позитивен финансиски резултат, показателите на економско финансиската состојба покажуваат дека друштвото е во солидна општа финансиска кондиција.

Друштвото има висок степен на финансиска стабилност, висок степен на кредитна способност и самофинансирање , односно низок степен на задолженост.

Тековните средства (223.3 милиони денари) се 2.6 пати поголеми од тековните обврски (83.8 милиони денари) (оптимална општа ликвидност 2: 1), а паричните средства и побарувањата се поголеми 1.6 пати од краткорочните обврски. АД Фустеларко Борец има висок степен на општа и тековна ликвидност, брзо и навремено ги извршува обврските, има доволни и ликвидни средства (пари и парични еквиваленти) како и континуиран прилив на пари од продажба на стоки и услуги…

**П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А**

3.Се усвојува извештајот од Одборот на директори за работењето на друштвото и работата на членовите на Одборот на директори во 2022 година.
Љубе Петковски-извршен член (Генерален директор)
Сашо Чатлески -извршен член
Јани Петковски-неизвршен член (Претседател на одбор на директори)
Сашо Ѓоревски -неизвршен член
Томе Трајкоски-неизвршен независен член.

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.
Составен дел на одлуката е и пишаниот извештај од Одборот на директори на друштвото.

**Четврта точка**

До:
Акционерите и раководството на
Фустеларко Борец АД Битола

## Извештај на независните ревизори

***Извештај за финансиските извештаи***

Ние извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на „Фустеларко Борец“ АД, Битола (во понатамошниот текст “Друштвото„), составени од Извештај за финансиска состојба на ден 31 декември 2022 година и Извештај за сеопфатна добивка, Извештај за промените во капиталот и Извештај за паричните текови за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на Раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија[1]. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од процената на ревизорот и истите вклучуваат процена на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, било поради измама или грешка. При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази претставуваат задоволителна и соодветна основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Наше мислење е дека, финансиските извештаи ја презентираат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на „Фустеларко Борец“ АД, Битола на ден 31 декември 2022 година, како и резултатот од работењето и паричните текови за годината што тогаш заврши, во согласност со сметководсвените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

**П Р Е Д Л О Г   О Д Л У К А**

4. Се усвојува извештајот за извршената ревизија на ревидираните финансиски извештаи на АД Фустеларко Борец Заштитно друштво Битола по годишна сметка за 2022 година, извршена од страна на Друштвото за ревизија А&БА ДОО Скопје, согласно Меѓународните сметководствени стандарди.

Извештајот за извршената ревизија на ревидираните финансиски извештаи на АД Фустеларко Борец Битола по годишна сметка за 2022 година претставува составен дел на одлуката.

Во 2022 година остварени се вкупно приходи 323.876.794,- денари.
вкупно расходи 287.406.918,- денари.

Добивката за финансиската година изнесува 36.469.876,- денари.

**Петта точка**

**П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А**
**ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКА**

5. Резултатите по годишна сметка за 2022 година покажаа добивка од 36.469.876,00 денари.

Согласно член 483 од Законот за трговски друштва, 5% од добивката се распределува на законски резерви односно во општ резервен фонд, односно во износ од 1.832.494,00 денари.

На име на бруто дивиденда се издвојува износ од 10.756.350,00 денари, односно 150,00 денари бруто дивиденда по акција со право на дивиденда со пресек 29.05.2023 година.

Остатокот од нето добивката остварена во 2022 година во износ од 23.881.032,00 денари се акомулира.

**Распределба на добивка-дивиденден календар**

| | |
|---|---|
| Одлука за распределба на дивиденда | 06.05.2023 година |
| Усвоена дивиденда | 150,00 ден по акција |
| Последен ден на тргување со право на дивиденда | 25.05.2023 година |
| Прв ден ден на тргување без право на дивиденда | 26.05.2023 година |
| Датум на пресек на акционерска книга | 29.05.2023 година |
| Датум на исплата на дивиденда до | 30.09.2023 година |

Дивидендата ќе се исплаќа на трансакциона сметка на имателот на акции.

ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ ®
БИТОЛА-Р. МАКЕДОНИЈА

**Шеста точка**

Разгледување на понуди за избор на ревизорско друштво

**П Р Е Д Л О Г   О Д Л У К А**

**За избор на ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на АД Фустеларко Борец Битола за 2023 година**

Член 1

6.За ревизија на Годишната сметка и на Финансиските извештаи на АД Фустеларко Борец Битола, за годината што завршува на 31.12.2023 година, од доставените понуди, се избира овластеното Друштво за ревизија ______________________________.

Член 2

Се овластува Генералниот директор да склучи договор со Друштвото за ревизија од член 1 на оваа одлука, во кој ќе бидат регулирани правата, обврските и одговорностите помеѓу корисникот и давателот на услугите.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**Седма точка**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА**

**П Р Е Д Л О Г   О Д Л У К А**

Во А.Д. Фустеларко Борец во 2022 година направени се одлични резултати и во обем на производство и во обем на реализација на постоечките побарувања. На КОВИД пандемијата му ставивме крај, меѓутоа економската криза во светски размери е актуелна и оваа година.
Високите цени на суровините и репроматријалите ја дефинираат високата цена на готовиот производ кој се помалку се троши, затоа што е намалена куповната моќ на населението.
Меѓутоа нашиот Менаџерски тим работи на тоа да се набават што поефтини суровини и репроматријали за производство од една страна и да се направи баланс помеѓу нашите повисоки продажни цени и задоволните купувачи од друга страна како би работеле со позитивни резултати и би оствариле Добивка..

7.Се усвојува годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2022 г.

**Осма точка**

ПЛАН 2023 (во 000 ден.)

| о п и с | остварено 2021г. | остварено 2022г. | план 2023г. | % |
|---|---|---|---|---|
| Вкупен приход | 269.807 | 318.888 | 330.950 | |
| Приходи од продажба | 240.521 | 293.143 | 300.850 | |
| Останати приходи | 29.286 | 25.745 | 26.750 | |
| Финансиски приходи | 492 | 1.603 | 1.250 | |
| | | | | |
| Вкупни расходи | 245.276 | 282.418 | 293.660 | |
| Матријални трошоци | 159.651 | 203.573 | 200.240 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Бруто плати | 61.971 | 65.864 | 67.293 |
| Финансиски расходи | 1.347 | 2.325 | 1.177 |
| Добивка | 24.531 | 36.470 | 37.290 |
| Загуба | | | |

Планската продажна цена на 1кг. хромокартон изнесува:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 900Т. бело сив - дом.пазар | џ 150ден./кгр = | 135.000.000 ден. |
| 610Т. бело сив - извоз | џ 145ден./кгр = | 88.450.000 ден. |
| 430Т. бело бел | џ 180 ден./кгр = | 77.400.000 ден. |
| 1940Т. | | 300.850.000 ден. |

Планската набавна цена на 1кг. Хромокартон:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1190 Т. бело сив | x | 45ден. = | 53.550.000 ден. | |
| 260 Т. бело бел | x | 75 ден. = | 19.500.000 ден. | - за кондиторска индустрија 1 |
| 950 Т. бело бел | x | 53 ден. = | 50.350.000 ден. | - за кондиторска индустрија 2 |
| 2400Т. | | | 123.400.000 ден. | |

Планиран шкарт : бело сив 20% и бело бел 10%,
односно просечно 18% шкарт.
Вработени 154

## П Р Е Д Л О Г О Д Л У К А

8. Се усвојува годишниот план за работа на АД Фустеларко Борец - Битола за 2023 година. Планот претставува составен дел на записникот.

**Деветта точка**

## П Р Е Д Л О Г О Д Л У К А
### за купување на сопствени акции

Член 1

Се одобрува стекнување до 10.000 сопствени акции по најниска цена од 300денари за една акција, односно највисока цена од 2.300денари за една акција.

Член 2

Откупот на акции ќе се изврши во време не подолго од 12 месеци од денот на донесувањето на оваа одлука. Се овластува Одборот на директори на АД Фустеларко Борец Битола поблиску да го определи начинот за откуп на сопствените акции, цената и да ги спроведе другите потребни активности согласно Законот за хартии од вредност.

Член 3

Купувањето на сопствените акции од член 1 на оваа одлука ќе се изврши имотот на Друштвото кој го надминува износот на основната главнина и законскиот резервен фонд на Друштвото.

Член 4

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.